**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## АНЕКС ОД 6.12.2024 НА БИЛТЕНОТ БРОЈ 1319 од 1.12.2024

Скопје, 6.12.2024 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектори:**
**Весна Илиевска-Цветановска**
**Соња Попоска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА АНЕКСОТ

## ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈСАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“

1. Реферат за избор на еден асистент на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, наставно-научна област: ентомологија (4.01.03.02) на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје (**м-р Благој Шурбевски**)........................................4-9
2. Реферат за избор на соработник – асистент на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, научно поле (4) – биотехнички науки и наставно-научна област (4.01.05.05) – заштита на шуми и зелени поршини, на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје (**м-р Јакоб Томе Ќипровски**)........................................10-13
3. Реферат за избор на еден асистент на Катедрата за земјиште и вода, во наставно-научната област ерозија и уредување на порои (4.01.01.05), на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје (**м-р Огнен Ончевски**)........................................14-17

# Р Е Ф Е Р А Т

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ НА КАТЕДРАТА ЗА ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ И ДРВОТО, НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: ЕНТОМОЛОГИЈА (4.01.03.02), НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, на десеттата редовна седница на Наставно-научниот совет, одржана на Факултетот на 5.12.2024 година, донесе Одлука број 02 - 388/4 од 5.12.2024, со која сме избрани за членови на Рецензентската комисија за оцена на пријавени кандидати за избор во соработничко звање – асистент на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, наставно-научна област: ентомологија (4.01.03.02). Составот на Комисијата е: проф. д-р Стерја Начески, редовен професор, проф. д-р Благој Иванов, редовен професор во пензија и проф. д-р Ирена Папазова-Анакиева, редовен професор, сите од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

Врз основа на доставената документација до Деканатот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, Комисијата утврди дека на објавениот конкурс во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 25.11.2024 година, објавено како работно место со реден број 2, во предвидениот рок се пријавил еден кандидат, м-р Благој Шурбевски.

Врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатот и на неговите досегашни активности, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**1. Биографски податоци**

Кандидатот м-р Благој Шурбевски е роден на 26.3.1996 година во Битола. Средното образование го завршил во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Битола, во 2014 година.

Во учебната 2014 год. се запишал на Шумарскиот факултет во Скопје, на насоката Шумарство.

На 18 декември 2018 година, кандидатот успешно ја одбранил својата дипломска работа, со оценка 10, и се стекнал со називот дипломиран инженер по шумарство. Дипломската работа е со наслов: „Здравствената состојба на шумите во Малешевско“ и е изработена во соработка со Програмата за зачувување на природата, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка. Просечниот успех од додипломските студии на м-р Благој Шурбевски изнесува 9,60.

Во текот на студиите, посебен интерес покажува кон предметната програма Ентомологија. Од тие причини, во учебната 2018/2019 год. се запишал на втор циклус студии на Шумарскиот факултет во Скопје, на студиската програма Шумарство 2 (Заштита на шумите – Шумарска ентомологија). Кандидатот, по положувањето на испитите предвидени во студиската програма со просечен успех 10, магистрирал на 6 ноември 2020 година, по јавната одбрана на магистерската работа насловена „Природни регулатори на популациите од боров четник (*Thaumetopoea pityocampa* Schiff.) во Република Северна Македонија“. Со тоа се стекнал со називот магистер по шумарски науки.

Кандидатот м-р Благој Шурбевски е добитник на „Инженерски прстен“ од страна на Асоцијацијата на здруженија на инженери, под покровителство на претседателот на државата. Исто така, кандидатот е еден од добитниците на награда за најдобро дипломираните студенти на УКИМ за учебната 2018/2019 година.

Од октомври 2022 година, м-р Благој Шурбевски е докторанд на Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Нови Сад, Србија.

**2. <u>Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот</u>**
**Наставно-образовна дејност**

За време на неговите студии станува член на Здружението на студенти на Шумарскиот факултет во Скопје „Дрен“, каде што е вклучен во сите активности и проекти. Во 2017 година станува и потпретседател на Здружението. Од 4 до 6 октомври 2017 година, заедно со други студенти, вклучен е како дел од организациониот тим на меѓународната научна конференција со наслов „Одржливо шумарство: вистинито или привидно?“, која се организира во чест на 70 години постоење на Шумарскиот факултет во Скопје. Исто така, на оваа конференција тој презентира два научни труда на англиски јазик од областа на ентомологијата: „Influence of extremely low temperatures during the winter 2016-2017 on the populations of pine processionary moth in the Republic of Macedonia“; „Occurrence of Cydalima perspectalis-new defoliator threat to the natural populations of boxwood in Skopje region“, при што е единствен презентер кој во тој момент е сè уште на додипломски студии.

Во 2018 година, кандидатот е дел од македонскиот тим од 4-ца студенти кои се натпреваруваат на Меѓународниот натпревар за студенти по шумарство „Шумарска разноликост“, кој се одржува секоја година во Брно, Чешка Република. Истата година, тој е вклучен во меѓународното школо за иновации „Отскочна даска“ (гер. Sprungbrett), во чии рамки присуствува и презентира самостоен научен труд на научна конференција за студенти и постдипломци која се одржува во Љубљана, Словенија. Во рамките на истиот проект присуствува и на практичен проект во Белград, Србија. Летото 2018 година, кандидатот е дел од меѓународната група на студенти по шумарство кои присуствуваат на Меѓународна летна школа во Антонин, Полска.

Во октомври 2019 година, учествувал на тренинг за инвентаризација на мртвата дрвесина, мониторинг на хабитатни дрвја и зачувување на сапроксилни видови, кој се одржува на Малешевските Планини, каде што организатор беше Шумарскиот факултет од Скопје, во рамки на Програмата за зачувување на природата, додека предавач беше професорот по шумска екологија Thibault Lachat од Бернскиот универзитет за применети науки (BFH-HAFL).

Во февруари 2023 година, учествувал на тренинг на тема „Инсекти опрашувачи“ во Изола, Словенија, организирана од европската COST-асоцијација.

Во ноември 2024 година, учествувал на тренинг за мониторинг на инвазивни штетници, како дел од програмата BTSF (Better Training for Safer Food), под покровителство на Европската комисија.

Од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, има добиено уверение за одлично познавање на англиски јазик (C2 ), издадено на 16.1.2024. Исто така, се служи и со српски јазик (C1), како и француски јазик – ниво А2.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот зад своето име има шест научни трудови во кои се јавува како автор или коавтор, објавени во различни научни списанија. Тие се:

- Naceski, S., Papazova-Anakieva, I., Lazarevska, S., **Shurbevski, B**.,(2020): Dynamics of population of pine processionary moth *Thaumetopoea pityocampa* in the Republic of North Macedonica during the period 2007-2017, Silva Balcanica 21 (1):77-82, Sofia.

- **Shurbevski, B**., Nacheski, S., Papazova-Anakieva, I., (2018): Forests, Health in the Maleshevo region, Forest revew 49 (1), 20-26, UKIM Faculty of Forestry, Skopje.

- Nacheski S., Papazova – Anakieva I., Ivanov B., Lazarevska S., **Shurbevski, B.,** (2018): Occurrence of the new invasive insect *Cydalima perspectalis* Walker. on box tree in the Repubic of Macedonia, Macedonian Academy of Sciences and Ats, Section of Natural, Mathematical and Biotehhnical Sciences, Contributions, Sec.Nat. Math. Biotech. Sci., MASA, Vol. 39 No (2), 2018, 135-142 Skopje.

- Nacheski, S., Papazova – Anakieva, I., S., **Shurbevski, B.**, (2018): Dynamics of the pine processionary moth *(Thaumetopoea pityocampa* Schiff) populations in the R. of Macedonia,International Scientific Conference 90 Years Forest Research Institute for the Society and Nature, 24-26. Oct/ 2018, Book of Abstracts 135-136, Sofia.

- Nacheski, S., Papazova – Anakieva, I., **Shurbevski B.**, (2017): Influence of extremely low twmperatures during winter 2016-2017 on the populations of pine processionary moth in the Republic of Macedonia, International scientific conference “Sustainble forestry-fact or fiction” 70 year jubilee on faculty of Forestry in Skopje, University “Ss . Cyril and Methodius” October, Book of Abstracts, 23, Skopje, 2017.

- Nacheski, S., Papazova – Anakieva, I., Lazarevska S.., **Shurbevski, B,** Occurrence of *Cydalima perspectalis*-new defoliator threat to natural populations of boxwood in the Skopje region, International scientific conference “Sustainble forestry-fact or fiction” 70 year jubilee on faculty of Forestry in Skopje, University “Ss . Cyril and Methodius” October, Book of Abstracts, 27-28, Skopje, 2017.

**Стручно-апликативна дејност**

Стручно-апликативната дејност на кандидатот м-р Благој Шурбевски е следнава:

**Стручна пракса** реализирал во Национален парк „Пелистер“ – Битола, со одговорности: одгледување на моликови шуми; управување со заштитени подрачја; во времетраење во месеците октомври и ноември 2016 г.

Во ЈП „Македонски шуми“ – Скопје, односно во Сектор за уредување на шуми, ловишта и проектирање, со одговорности: изработување на шумско-стопански планови; имплементација на геоинформатички системи во шумарството, во времетраење од септември до декември 2017 г.

**Работно искуство:** М-р Благој Шурбевски бил повремено ангажиран во времетраење од февруари до ноември 2018; март – мај 2019 и од мај – ноември 2020 г., како консултант за проектот „Зелен катастар на Скопје“, Град Скопје и UNDP, со одговорности: идентификација на видови дрвја и грмушки; мапирање на градско зеленило.

Во периодот април – јуни 2018 г., ангажиран е како специјалист за снимки со ВР и сателитска картографија од ФАО на ОН, со одговорности: анализирање на сателитски слики и процесирање на геоподатоци.

Од февруари 2019 до февруари 2021 е раководител на производство на декоративни растенија во „ФОЈА КО“ ДООЕЛ во Скопје, со одговорност: размножување и одгледување на декоративни видови растенија.

Од јуни до септември 2021 е ангажиран како консултант за одржливо управување со шуми, од страна на проектот „Програма за зачувување на природата“. Проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) и координиран од „Фармахем“. Во тој период е инволвиран во изработка на Прирачник за изработка на регионални планови за управување со шуми.

Од јуни 2022 до јуни 2024, учествувал на проектот „Искуствено учење за подобра едукација за животната средина и климатски промени“, како локален експерт за животна средина. Проектот е координиран од Центарот за ресурси на животната средина (РЕЦ) – Северна Македонија, под покровителство на УНИЦЕФ на ОН, а е финансиран од Владата на Кралството Шведска.

Од април до јуни 2023, учествувал на проектот „Биотехнолошка лабораторија – програма за искуствено учење за училиштата“, како експерт за изведување на работилници. Проектот е координиран од Центарот за ресурси на животната средина

(РЕЦ) – Северна Македонија, под покровителство на УНИЦЕФ на ОН, а е финансиран од Владата на Кралството Шведска.

Од ноември 2021 до декември 2022 е ангажиран на определено време како асистент на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, научноистражувачко поле: ентомологија, при УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем”. За тој период се стекнува со големо искуство за работа, изведувајќи аудиториски и лабораториски вежби и работа во научноистражувачки дејности. Од јануари 2023, па до овој момент, ангажиран е како надворешно лице за извршување на работи од работно место – виш лаборант, во рамки на истата институција.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Благој Пецо Шурбевски

**Институција:**

Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем”

**Научна област:**

Ентомологија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер по шумарски науки. | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,60.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,0. | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик.<br>2. Назив на документот: Уверение за одредување на нивото на познавање на странски јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).<br>3. Издавач на документот: УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје.<br>4. Датум на издавање на документот: 16.1.2024 | ДА |

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Д-р Стерја Начески, редовен професор, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, УКИМ, Скопје, с.р.
2. Д-р Благој Иванов, редовен професор во пензија, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, УКИМ, Скопје, с.р.
3. Д-р Ирена Папазова Анакиева, редовен професор, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, УКИМ, Скопје, с.р.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата ги разгледа пријавата и приложените документи на кандидатот м-р Благој Шурбевски. Врз основа на погоре изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека пријавениот кандидат ги исполнува општите и посебните услови за избор во соработничко звање – асистент, според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, при што во прилог е даден Образец 1 од Правилникот. Комисијата констатира дека кандидатот може успешно да ги извршува претстојните наставни обврски, научно да се усовршува и да придонесува за развојот на единицата Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје.

Согласно со сето погоре изнесено, членовите на Рецензентската комисија имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при УКИМ во Скопје, кандидатот м-р Благој Шурбевски да биде избран во соработничко звање – асистент по група предмети од наставно-научната област ентомологија (4.01.03.02).

**Членови на Рецензентската комисија**

**Д-р Стерја Начески,**
**редовен професор, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Д-р Благој Иванов,**
**редовен професор во пензија, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Д-р Ирена Папазова Анакиева,**
**редовен професор, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, УКИМ, Скопје, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК – АСИСТЕНТ НА КАТЕДРАТА ЗА ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ И ДРВОТО, НАУЧНО ПОЛЕ (4) – БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ И НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ (4.01.05.05) – ЗАШТИТА НА ШУМИ И ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ, НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје, на X седница одржана на 5.XII 2024 година, донесе Одлука број 02-388/5 од 5.XII 2024 година, со која избра Рецензентска комисија за оцена на пријавениот кандидат за избор во соработничко звање – асистент на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, наставно-научна област: заштита на шуми и зелени површини (4.01.05.05), во состав: д-р Никола Николов, редовен професор на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, д-р Јосип Маргалетиќ, редовен професор на Факултетот за шумарство и дрвна технологија при Универзитетот во Загреб и д-р Михајло Ристески, доцент на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс распишан од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, објавен на 25.XI 2024 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, за избор на еден соработник – асистент на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, наставно-научна област: заштита на шуми и зелени површини (4.01.05.05), се пријави само кандидатот м-р Јакоб Томе Ќипровски.

### Биографски податоци и образование

Кандидатот м-р Јакоб Ќипровски е роден на 17.V 1996 година во Скопје, каде што ги завршил основното и средното образование. Во учебната 2015/2016 година се запишал на Шумарскиот факултет во Скопје, на насоката Екоинженеринг и екоменаџмент на животната средина. На 22.X 2020 година дипломирал со среден успех на студии 9,00 и се стекнал со звањето дипломиран инженер по екоинженеринг и екоменаџмент. Во учебната 2020/2021 година се запишал на II (втор) циклус студии на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, на научната област: заштита на шумите и зелени површини. Со академско звање – магистер по шумарство се стекнал на 29.II 2024 година со јавна одбрана на магистерската работа со наслов: „Компаративна анализа на пристапи за класификација и картирање на горливиот материјал при управување со пожари на ниво на предел за потребите на шумарството во Македонија“, со среден успех на студии 10,00.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик – ниво Ц1, потврдено со Уверение за познавање на англискиот јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа, издадено од УКИМ – Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје од 25.X 2024 година.

Кандидатот во 2020 година го завршил Курсот за статистика и користење на „*R software*“, Bern University of Applied Sciences School of Agricultural, Forest and Food Sciences (BFH-HAFL).

Кандидатот Јакоб Ќипровски во 2020 година го посетувал курсот: Напредни вештини

за користење на програмот Excel.

Кандидатот во 2021 година завршил обуки за управување на дронови: *Using a drone (UAV) with a thermal camera in forest fire detection and monitoring* и *Fundamentals of operating a drone (UAV),* и двете обуки изведени од фирмата Flycam.

Исто така, кандидатот во 2021 година го посетувал интернет-курсот RSW1: Remote Sensing of Wildfires Course, AlaskaX – University of Alaska Fairbanks.

Во периодот од 20 до 29.11.2024 година, кандидатот посетувал Обука за примена на пропишаното горење како алатка со управување на горливиот материјал при заштитата од пожари на ниво на предел одржана во Португалија.

Кандидатот бил вклучен во подготовка или активно учествувал во национални и меѓународни конференции, семинари, симпозиуми, работилници и обуки.

**Учество во научноистражувачки и стручни проекти**

Кандидатот м-р Јакоб Ќипровски учествува/л во проектите:

1. Во 2019 година, кандидатот учествувал во проектот „Зелена лична карта на дендропарк со користење на современи геоматски техники“, проект финансиран од Општина Гази Баба, Скопје.

2. Во 2020 година, кандидатот учествувал во проектот „Achieving the conservation of biodiversity through the creation and efficient management of protected areas and the inclusion of biodiversity in land management planning" component 3: Land Use Planning and Biodiversity Mainstreaming; Connecting Natural Values and People (CNVP).

3. Во 2021 година, кндидатот учествувал во проектот „Мултиспектрално мапирање на планината Водно заради детектирање на стрес на пошумувањата“ (Multispectral mapping of Mount Vodno with the purpose of stress detection on forested areas), проект на градот Скопје.

4. Од 3.10.2022 година до денес, кандидатот Јакоб Ќипровски, преку Здружението на граѓани Регионален центар за следење на шумски пожари – Скопје, учествува во проектот „Landscape fire management in the Western Balkan“. Регионален проект од областа на заштитата на пожари на ниво на предел финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC).

**Објавени научни трудови**

Кандидатот м-р Јакоб Ќипровски, како автор или коавтор, ги објавил следните научни трудови:

1. In vitro pathogenicity tests of seven phytophthora species on European chestnut
Risteski M., Kuzmanovska B., Badjo Oreshovich K., Tanovski V., Rusevski R., Kjiprovski J. and Sotirovski K.
MASA Contribution, 2024, Skopje (in press).

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Кандидат: **Јакоб Томе Ќипровски**
**Институција:**
Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
**Научна област:**
***НАУЧНО ПОЛЕ (4) – БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ И НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ (4.01.05.05) – ЗАШТИТА НА ШУМИ И ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | ДА |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: заштита на шуми и зелени површини. | ДА |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10. | ДА |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски – Ц1<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR)<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 25.10.2024 | ДА |

**Членови на Рецензентската комисија**

**Проф. д-р Никола Николов, с.р.**
**Проф. д-р Јосип Маргалетиќ, с.р.**
**Доц. д-р Михајло Ристески, с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува пријавата со наведените биографски податоци и досегашните образовни, научноистражувачки, стручни и апликативни достигнувања и активности на кандидатот м-р Јакоб Ќипровски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Јакоб Ќипровски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018), ги исполнува сите услови да биде избран за соработник – асистент на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, наставно-научна област: заштита на шуми и зелени површини (4.01.05.05).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, м-р Јакоб Ќипровски да биде избран за соработник – асистент на Катедрата за заштита на шумите и дрвото, наставно-научна област: заштита на шуми и зелени површини (4.01.05.05).

.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Николов, с.р.**
**Проф. д-р Јосип Маргалетиќ, с.р.**
**Доц. д-р Михајло Ристески, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ НА КАТЕДРАТА ЗА ЗЕМЈИШТЕ И ВОДА, ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕРОЗИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА ПОРОИ (4.01.01.05), НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ ,,ХАНС ЕМ“ ВО СКОПЈЕ

Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“, на својата десетта редовна седница на Наставно-научниот совет, одржана на 5.12.2024 година, донесе Одлука бр. 02-388/3 од 5.12.2024 година, со која се формира Рецензентска комисија за оцена на пријавените кандидати за избор на еден соработник – асистент на Катедрата за земјиште и вода, наставно-научна област: ерозија и уредување на порои (4.01.01.05), во состав:

1. проф. д-р Иван Блинков, редовен професор, претседател,
2. вонр. проф. д-р Иван Минчев, вонреден професор, член,
3. вонр. проф. д-р Бојан Симовски, вонреден професор, член,

сите од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

Врз основа на доставената документација до деканот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем”, Комисијата утврди дека на објавениот конкурс во дневните весници:

1. „Нова Македонија“ на ден 25.11.2024 година, број 26.274, на страница број 18
2. „Коха“ на ден 25.11.2024 година, број 5286, на страница број 26,

за избор и вработување на еден кандидат во соработничко звање – асистент на Катедрата за земјиште и вода, во наставно-научната област ерозија и уредување на порои (4.01.01.05), во предвидениот рок се пријавил само кандидатот м-р Огнен Ончевски.

Врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци и образование

Кандидатот м-р Огнен Ончевски е роден на 23 јули 1984, во Скопје, каде што го завршил основното и средното образование во гимназијата „Јосип Броз-Тито, општа гимназија. Со високо образование се стекнал на Шумарскиот факултет во Скопје, насока за озеленување и унапредување на животната средина. Дипломирал на 14 јуни 2016 година, со просечен успех 8,92.

Како добитник и носител на целосна стипендија од Министерството за наука и образование на Јапонија, во учебната 2019/2020 кандидатот престојувал на Токискиот факултет за земјоделство во Јапонија како истражувач. Повторно како стипендист на Јапонската влада, во учебната 2020/2021, кандидатот се запишал на втор циклус (магистерски) на Токискиот факултет за земјоделство, на Одделот за земјоделско инженерство. Постдипломските студиите ги завршил на 20 март 2022 година, со просечен успех 10,00, при што се стекнува со научен назив – магистер по земјоделство. На 31 јануари 2022 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Мерки за конзервација на почва и вода за обновување на сушни подрачја во Северна Македонија* (Решение за признавање и еквиваленција на странска високообразовна квалификација; издадено од Министерство за образование и наука бр.: 24-503141 4.10.2024 г., академски назив: магистер по земјоделски и ветеринарни науки – земјоделство, шумарство и рибарство, наука за земјиште и води).

На 1 април 2022 година, кандидатот се запишал на докторски студии на Токискиот факултет за земјоделство во Јапонија, на Одделот за земјоделски и природни науки. Докторската тема на кандидатот е од научноистражувачката област – „Влијанието на ветро-заштитните шумски појаси во Овчеполскиот Регион врз стапката на зачувување на водата и водни ресурси“.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик и поседува Уверение за познавање англиски јазик, ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот за Европа (CEFR), издадено од Филолошки факултет„Блаже Конески“ – Скопје. Кандидатот има и основно познавање на јапонски јазик, ниво Н4.

Покрај формалното образование, кандидатот активно учествувал и во бројни национални и меѓународни работилници и обуки за унапредување на личните и професионалните вештини и способности.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Токискиот факултет за земјоделство, кандидатот м-р Огнен Ончевски како демонстратор го помага изведувањето на лабораториските експериментални вежби за студенти од прв циклус студии (4 часа/неделно).

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Кандидатот м-р Огнен Ончевски има објавено повеќе научни трудови од областа на животната средина, во меѓународни научни списанија. Научните трудови се презентирани на конференции од меѓународен карактер. Дел од тие се:

- Ognen Onchevski and Machito Mihara. 2024. Farmers' Perspectives on Ecosystem Services Provided by Tree Windbreak System in Ovche Pole Region, Macedonia. International Journal of Environmental and Rural Development (ISERD), Vol. 15 (1), 151-156.
- Ognen Onchevski, Teruaki Irie, Ivan Minchev and Machito Mihara. 2022. Relation between the Level of Degradation and the Wind Speed Reduction Efficiency of Tree Windbreaks Systems in Ovche Pole Region, Macedonia. International Journal of Environmental and Rural Development (ISERD), Vol. 13 (2), 13-18.
- Ognen Onchevski and Machito Mihara. 2021. Rainwater Harvesting as a Mean for Water Conservation in Ovche Pole Region, Macedonia. International Journal of Environmental and Rural Development (ISERD), Vol. 12 (1), 95-102.
- Ognen Onchevski and Machito Mihara. 2020. Farmers' Perceptions on Soil Degradation and their Criteria to Adopt Soil and Water Conservation Strategies in Ovche Pole Region in North Macedonia. International Journal of Environmental and Rural Development (ISERD), Vol. 11 (2), 12-19

Кандидатот м-р Огнен Ончевски е добитник на научни грантови преку кои се реализираат негови истражувања насловени како:

- „Assessment and Optimization of Tree Windbreaks Systems for Sustainable Agricultural Development in Dry Areas of Macedonia“ (2022, грант доделен од Токио НОДАИ-истражувачки институт);
- „Determination of windbreak porosity value for most optimal wind protection efficiency of tree windbreaks systems in Ovche Pole Region, Macedonia. (2023, грант доделен од Токио НОДАИ-истражувачки институт).

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Кандидатот м-р Огнен Ончевски, исто така, е член на организациониот одбор кој го помага реализирањето на интернационалната конференција „International Conference on Environmental and Rural Development -ICERD“ и воедно ја извршува функцијата помошник-уредник на меѓународното научно списание International Journal of Environmental and Rural Development (ISERD) од 2022 до 2024 година.

М-р Огнен Ончевски работи како консултант-експерт на проекти од областа на животната средина во нашата држава и во странство. Меѓу другото, кандидатот во одреден дел од неговата кариера е претседател и член на управен одбор на здружение на граѓани кое делува во областа на животната средина.

Од 1 април 2022, па сè до денес, кандидатот е назначен како член и експерт во истражувачкиот центар на Институтот за рехабилитација и конзервација на животната средина од Токио, Јапонија (Institute for Environmental Rehabilitation and Conservation-ERECON).

Кандидатот има учествувано на повеќе работилници и семинари во земјата и во странство како учесник и предавач.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Огнен Љубиша Ончевски
**Институција:** Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“
**Научна област:** ерозија и уредување на порои (4.01.01.05)

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: | |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,92.<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 10,00. | да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение за одредување на нивото на познавање на англиски јазик<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>4. Датум на издавање на документот: 13 септември 2024 | да |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Иван Блинков,**
**редовен професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Иван Минчев,**
**вонреден професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг„Ханс Ем“ – Скопје, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Бојан Симовски,**
**вонреден професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА**

Комисијата ги разгледа пријавата и приложените документи на кандидатот. Врз основа на погоре изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека м-р Огнен Ончевски ги исполнува општите и посебните услови за избор во соработничко звање – асистент, согласно со Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и констатира дека кандидатот може успешно да ги извршува претстојните наставни обврски, научно да се усовршува и да придонесува за развојот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“.

Согласно со изнесеното, членовите на Комисијата имаат чест да му предложат на Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при УКИМ во Скопје, кандидатот м-р Огнен Ончевски да биде избран за соработник – асистент на Катедрата за земјиште и вода, во наставно-научната област ерозија и уредување на порои (4.01.01.05).

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Иван Блинков,**
**редовен професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Иван Минчев,**
**вонреден професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг„Ханс Ем“ – Скопје, с.р.**

**Вонр. проф. д-р Бојан Симовски,**
**вонреден професор на УКИМ, Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, с.р.**